# Зелена (летна) резидба на виновата лоза

Зелената резидба претставува поголем број на постапки(мерки), кои се вршат со цел да се корегира односот на бујноста и родноста на стеблото. Со летната резидба се влијае на зголемување на приносот, а особено на подобрување на квалитетот. Поважни мерки се: лачење, филизење и поткршување.

Лачењето претставува одстранување на цели ластари кои се непотребни за родноста. Со лачењето се одстрануваат ластарите на старото дрво (чокотот, лаковите) и неродните ластари кои се развиваат од зимските окца на родниот



ластар. Ластарите кои се потерани од старото дрво се лачат обично два пати. Првиот пат кога имаат должина околу 15 см. а вториот пат истовремено со врзувањето. При второто лачење се одстрануваат неродните ластари на родното дрво.

Поткршување на филизите. Развојот на филизите зависи од бујноста на сортата, плодноста на почвата, влажноста на почвата, начинот на одгледување и резидбата. Филизите се поизразени при кратка резидба, додека при долгата резидба нивниот развој е послаб. Филизите не смеат во целост да се одстранат, туку треба да се поткршат на 2-3 лисја од основата, бидејќи на тој начин се спречува нивното повторно развивање.

Поткршувањето на сите млади ластари се врши во време кога ќе престане интензивниот раст. Целта на поткршувањето е одстранување на недозреаните врвови на ластарите и филизите, со што се создаваат подобри услови за осветлување и аерација на пењушката, се олеснува заштитата од болести и се забрзува зреењето.

**Советник**
**Стеван Стојковски**